**ПРОГРАМА “ПОДДРШКА ЗА САМОВРАБОТУВАЊЕТО (ПРЕТПРИЕМНИШТВО)“**

**ЈАВЕН ПОВИК**

ЗА ИЗБОР НА ЕКСПЕРТИ ЗА ЕВАЛУАЦИЈА НА БИЗНИС ПЛАНОВИ
УСЛОВИ И ОПИС НА РАБОТНИ ЗАДАЧИ

## I. НАЗИВ НА ПРОГРАМСКАТА АКТИВНОСТ

Поддршка за Самовработувањето (Претприемништво)

## II. ВРЕМЕТРАЕЊЕ

Број на оценети бизнис планови: 2100

Датум на започнување на договорот: 25ти Април 2024

Датум на завршување на договорот: 30ти Декември 2024

Начин на работа: Работа од дома, Скопје, Република Северна Македонија

## III. КРАТКА СОДРЖИНА

Рамката на политиките за вработување во Република Северна Македонија е дефинирана со Програмата на Владата на Република Северна Македонија, Ревидираната Програма за реформи во вработувањето и социјалната политика 2023 и е во согласност со обврските што произлегуваат од Глобалниот пакт за работни места на Меѓународната организација на трудот (МОТ), Планот за Гаранција за млади 2023-2026 година, Програмата за буџетско финансирање ИПА, реформите во системот на социјална заштита и воведувањето на Гарантирана минимална помош.

Со Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2024 година се утврдуваат програмите, мерките и услугите за вработување кои ќе обезбедат создавање на нови работни места, поддршка за креирање на нови работни места и зголемување на вработливоста на невработените лица, посебно на младите, долгорочно невработените и корисниците на право по основ на гарантирана минимална помош

Програмата за самовработување ќе се спроведе преку збир на чекори и активности што ќе резултира со создавање на приближно 1750 компании и 2.000 крајни корисници. Програмата за самовработување им овозможува на избраните кандидати: Поддршка во развојот Бизнис план; Помош при регистрација на фирми и обезбедување на мали грантови за капитал во износ од 369.000,00 денари преку обезбедување на потребната опрема и / или материјали или 738.000,00 денари во случајот за основање ДОО од двајца кандидати / грантисти.

## IV. ЦЕЛ НА ПОВИКОТ

### IV. 1. ИЗБОР НА ЕКСПЕРТИ ЗА ОЦЕНУВЊЕ НА БИЗНИС ПЛАНОВИ

Овој повик има за цел преку транспарентна постапка да избере експерти за оценување на бизнис планови.

### IV. 2. НАЧИН НА ИЗБОР

Договорниот орган ќе избере вкупно 6 (шест) експерти за оценување на бизнис планови и од нив ќе формира две независни експертски комисии со по три експерти.

Секоја експертска комисија ќе се состои од (3) три члена, сите експерти со големо искуство во кредитирање и микро заеми стекнато во деловните банки и други финансиски институции.

### IV. 3 ОПСЕГ НА РАБОТА

Експертските комисии ќе извршуваат:

- евалуација и оценување на бизнис планови, подготвени од овластените советници на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македнонија (АППРСМ) преку ваучерскиот систем на советување.
- Секоја од двете ЕК ќе бидат одговорни за оценка на најмногу 1050 бизнис планови, односно вкупно најмногу 2100 планови.

### IV. 4. ОПИС НА РАБОТНИТЕ ЗАДАЧИ

Под надзор на одговорните лица од АППРСМ и критериумите за оценување на бизнис плановите секој член на експертската комисија (ЕК) ќе биде одговорен за следните задачи:

- Преглед на содржината на бизнис плановите во согласност со критериумите за оценка дефинирани во Табелата за евалуација на бизнис планови,
- Обезбедување објективна проценка на секој бизнис план (предвидено до 2100 бизнис планови) од перспектива на одржливост и конкурентност на предложениот бизнис. Просечната оценка на трите индивидуални проценки ја одредуваат крајната оценка на секој бизнис план,
- Да подготви, заедно со дугите два експерта од секоја експертска комисија, краток извештај и нивно професионално мислење за квалитетот на подготвените бизнис планови.

## V. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

**Цел на работната задачата (ангажманот)**

Оваа работна задача ќе биде сработена од секој експерт од Експертската комисија, работејќи како тим. Експертскиот тим особено ќе биде одговорен за поддршка и реализација на работата во целост.

Очекувани резултати од експертската комисија, во текот на работењето, се:

1. Евалуација на највеќе 1050 бизнис планови од секоја Експертска комисија (2100 планови вкупно за двете експертски комисии),
2. Подготовка и испорака на краток извештај и професионално мислење на експертите за квалитетот на подготвените бизнис планови.

Се очекува дека експертите ќе ги испорачаат следните резултати, според очекуваната динамика:

| Резултати | Рамковен датум |
|---|---|
| Евалуација на највеќе 270 бизнис планови од страна на секој експерт (Член на ЕК) | До 09  мај 2024 година |

| | |
|---|---|
| Евалуација на највеќе 260 бизнис планови од страна на секој експерт (Член на ЕК) | До 23 мај 2024 година |
| Евалуација на највеќе 260 бизнис планови од страна на секој експерт (Член на ЕК) | До 06 јуни 2024 година |
| Евалуација на највеќе 260 бизнис планови од страна на секој експерт (Член на ЕК) | До 20 јуни 2024 година |
| Подготовка и испорака на краток извештај и професионално мислење на експертите за квалитетот на подготвените бизнис планови | До 30 јуни 2024 година за првите четири фази |

## VI. ОДГОВОРНА ИНСТИТУЦИЈА

Надлежен договорен орган за спроведувањето на обврските на експерските комисии е Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија (АППРСМ).

Експертите ќе работат под директен надзор на одговорно лице од АППРСМ, надлежно за управување со програмата за Самовработување, и ќе обезбедат редовни информации за напредокот и испораката на очекуваните резултати.

## VII. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА РАБОТНИТЕ ЗАДАЧИ

Членовите на експертската комисија ќе се состануваат преку видео конференција или непосредни состаноци во период од 25 април до 30 декември 2024 година и ќе оценат вкупно до 2100 бизнис планови. Датумите на секој состанок ќе бидат одредени по завршување на евалуацијата на бизнис плановите.

## VIII. НАЧИН НА РАБОТА, БУЏЕТ И ПЛАЌАЊЕ

Оваа задача ќе се базира на работа од дома со состаноци со членовите на експертската комисија кои ќе бидат организирани преку видео конференции или непосредни состаноци во координација со одговорното лице од АППРСМ.

Начинот на плаќање е вирмански, по оценување на бизнис плановите од секоја фаза и доставување на пополнета табела за оценување согласно критериумите доставени од АППРСМ, во рок од 30 дена.

Расположивиот буџет за спроведување на задачата е обезбеден од страна на АППРСМ и изнесува  бруто 180,00 денари по оценет бизнис план.

**Договорниот орган - Нарачател на услугите има обврска од вкупната сума да ги подмири сите износи кои ќе произлезат од законските обврски за исплата на персонален данок.*

## IX. КОМПЕТЕНЦИИ

- ✓ Одлично познавање на банкарските инструменти (заеми, лизинг, банкарски гаранции, акредитиви, факторинг, финасирање на проект и друго),
- ✓ Одлично разбирање на проценките на кредитниот ризик,
- ✓ Одлично познавање на економската состојба во земјата и потенцијални полиња на успешни бизниси,

## X. ПОТРЕБНИ КВАЛИФИКАЦИИ НА ЕКСПЕРТИТЕ

Избраниот кандидат треба да поседува:

- ➢ Универзитетска диплома по економија, деловна администрација или финансиски менаџмент. Апликантите со универзитетска диплома во други области во комбинација со минимум 10 години професионално искуство во обезбедување заеми на корпоративни субјекти во банка или друга финансиска институција ќе бидат земени во предвид. Повисоки степени (магистер или д-р) во горенаведените квалификации ќе бидат сметани за предност.
- ➢ Најмалку 5 години од претходно професионално искуство во давање на заеми на правни субјекти во банка или друга финансиска институција.

## XI. КРИТЕРИУМИ ЗА СЕЛЕКЦИЈА НА НАЈКВАЛИТЕТНИ КАНДИДАТИ

Договор ќе се склучи со кандидатот чија пријава е евалуирана и утврдена користејќи методологија на кумулативна анализа. Договор ќе се склучи со експерт чија пријава е оценета и утвредна како:

А) Одговорна/усогласена/прифатлива и

Б) Која ќе добие највисока оценка врз база на следните технички критериуми кои се бараат согласно следниот распоред:

*Тежина на технички критериуми: 100%

Технички критериуми за оценување на кандидатите:

| Критериуми | Максимум 100 бодови |
|---|---|
| <u>Образование</u><br>• Универзитетска диплома по економија, деловна администрација или финансиски менаџмент или универзитетска диплома во други области во комбинација со минимум 10 години професионално искуство во обезбедување заеми на корпоративни субјекти во банка или друга финансиска институција = 20 бодови<br>• Магистер по економија, деловна администрација или финансиски менаџмент = 25 бодови<br>• Докторат по економија, деловна администрација или финансиски менаџмент = 30 бодови | 30 |
| <u>Професионално искуство во обезбедување заеми</u> за корпоративни субјекти во банка или друга финансиска институција (вклучително особено познавање на банкарските инструменти - заеми, лизинг, банкарски гаранции, акредитиви, факторинг, финасирање на проекти, разбирање на проценките на кредитниот ризик, познавање на економската состојба во земјата и потенцијални полиња на успешни бизниси),<br>• До 5 години = 40 бодови<br>• Од 5 - 10 години = 50 бодови<br>• Над 10 години = 60 бодови | 60 |
| Искуство во учество во евалуација и оценка на бизнис планови во последните три години (*)<br>• Учество во евалуација до 100 бизнис планови = 3 бодови<br>• Учество во евалуација од 101-200 бизнис планови = 6 бодови<br>• Учество во евалуација во повеќе од 201 бизнис план = 10 бодови<br><u>* Бројот на оценети бизнис планови се потврдува со:</u><br>*(*)Искуството се докажува со* Изјава потпишана од понудувачот за бројот на оценети бизнис планови во последните три години (со наведување на извор каде истата може да се провери). | 10 |

Само кандидатите кои добиле минимум 60 бодови (60%) во техничката проценка ќе бидат земени во предвид.

**ЗАБЕЛЕШКА:** Шест прворангирани кандидати ќе се здобијат со право да бидат избрани како експерти за оценување на бизнис планови. Во случај при бодувањето на кандидатите, повеќе од 6 (шест) кандидати да добијат ист број на бодови, Договорниот орган од кандидатите кои имаат ист број на бодови, а се рангирани под број 6, ќе избере кандидат по принципот „прв дојден прв услужен“ (пример: кандидатот под реден број 5, 6, 7, 8 и 9 на ранг листата имаат по 60 бодови – за експерт за оцена на бизнис планови ќе бидат избрани два кандидати кои први доставиле свои пријави) .

## XII ДОКУМЕНТИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ ПОДНЕСАТ

Заинтересираните кандидати се поканети да ги достават следниве документи / информации што треба да се разгледаат:

- Најнова ажурирана биографија (CV) со фокус на потребната квалификација, како и најмалку три (3) препораки од стручни лица со наведени контакти,
- Изјава за бројот на оценети бизнис планови во последните три години.

## XIII. ПРИЈАВУВАЊЕ

Рокот за пријавување на кандидатите започнува со објавување на јавниот повик, за завршува 7(седум) дена по објавување на повикот, сметајки го и денот на објавувањето.

Пријавувањето на кандидатите е преку електронската пошта на АППРСМ - apprm@apprm.gov.mk

Заинтересираните кандидати, ПРИЈАВАТА и документите / информациите наведени погоре во делот „Документи кои треба да се поднесат“, ги доставуваат со прикачување преку електронската пошта.

Недоставувањето на бараната документација може да резултира со отфрлање на кандидатурата.

## XIV. СКЛУЧУВАЊЕ ДОГОВОРИ ЗА УСЛУГИ

Со избраните кандидати ќе се склучет договори за извршување на услуги за евалуација и оценување на бизнис планови.

Вредноста на услугите е одредена на 180,00 денари/ за извршена евалуација на 1(еден) бизнис план, бруто износ, од кој ќе се одбијат вредностите за плаќање на јавните давачки за персонален данок, кои договорниот орган ќе ги подмири во УЈП.

Според предходно понудени договорни услови, во случај експертот да не испорача резултати согласно работните задачи кои ќе ги задоволат барањата на АППРСМ, нема да се изврши исплата дури и ако експертот потрошил време за испорака на таквите резултати.

Исто така во договорот ќе биде предвидено и дека плаќања за извршени услуги ќе се вршат само по потврда од АППРСМ за испорака на договорните обврски на задоволителен начин.